**20140270927**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 февруари 2014 година.

Бр.07-657/1
3 февруари 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОНЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО И НЕДОСТОЈНОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ НАТПРЕВАРИ

Член 1

Во Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари („Службен весник на Република Македонија“ број 89/2004, 142/2008 и 135/11), во членот 2 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Редари, во смисла на овој закон, се лица ангажирани од страна на организаторот, доброволно пријавени лица или членови на клубот, навивачи и други лица, како и работници за приватно обезбедување од правните лица кои вршат приватно обезбедување во вид на давање на услуги (во натамошниот текст: правните лица кои вршат приватно обезбедување).“

Член 2

Во членот 3 став 1 алинеја 4 зборовите: „ во натпреварувачкиот простор“ се заменуваат со зборовите: „на спортскиот терен“, по зборот „гледалиштето“ запирката се заменува со запирка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во алинејата 6 зборовите: „знаме на друг клуб“ се заменуваат со зборовите: „знамиња на клубови“.

Во алинејата 7 пред зборот „напад“ се додава зборот „физички“.

Во алинејата 9 зборовите: „во натпреварувачкиот простор“ се заменуваат со зборовите: „на спортскиот терен“.

Алинејата 10 се менува и гласи:

„- оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект, како и на превозните средства во целиот временски период при доаѓање, за време и по одржување на спортскиот натпревар;“.

Член 3

Во членот 4 став 2 по зборот „органи“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„Организаторот на спортскиот натпревар, зависно од видот на спортот и нивото на спортскиот натпревар, видот на спортскиот објект, очекуваниот број на гледачи и проценатa за опасност од насилство и недостојно однесување е должен на спортскиот натпревар да обезбеди доволен број редари.

Редарите од ставот 1 на овој член, освен ангажираните работници за приватно обезбедување, се должни да имаат на себе елек со светлоодбојни ленти на кои има натпис „Редар“ кој видливо се разликува од ознаките на припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Организаторот на спортскиот натпревар може да договори со гостинскиот клуб редарските работи меѓу гледачите на гостинскиот клуб да ги вршат редари од гостинскиот клуб.“

Член 5

Во членот 6 став 1 алинеја 4 зборовите: „членот 4 став 2“ се заменуваат со зборовите: „членовите 4, 8 и 10“.

Член 6

Членот 7 се менува и гласи:

„Организаторот на спортскиот натпревар е должен да обезбеди доволен број редари заради:

- оневозможување на влез на лице кое не поседува влезница,
- забранување на пристап во објектот во кој се одржува натпреварот на лица кои се под дејство на алкохол или други опојни средства,
- оневозможување на внесување или продажба на алкохолни пијалаци во спортскиот објект,
- оневозможување на внесување предмети во спортскиот објект кои можат да се фрлаат, односно можат да се употребат за насилно однесување во спортскиот терен или гледалиштето,
- оневозможување на внесување на транспаренти и обележја со кои се поттикнува расна, национална, верска или друга нетрпеливост,
- предупредување, односно оддалечување на гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност,
- опоменување, односно оддалечување на гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на спортскиот натпревар,

- оневозможување на недозволено влегување на гледачите во спортскиот терен, како и во објектите кои се во функција на вршење на спортските активности,
- оневозможување на оштетување или уништување на спортскиот инвентар и други делови од спортскиот објект,
- оневозможување на недозволено влегување во делот на гледалиштето на спортскиот објект наменет за противничките навивачи,
- опоменување и оддалечување на навивачите кои престојуваат или се задржуваат во делот на гледалиштето, односно седат на место за кое не поседуваат влезница и
- оневозможување на каков било облик на насилно и недостојно однесување.

Обврските од ставот 1 на овој член редарите ги извршуваат со усно укажување, известување и давање насоки на јасен, разбирлив и недвосмислен начин, освен работниците за приватно обезбедување кои обврските ги вршат согласно со посебен закон.

Организаторот на спортскиот натпревар е должен да изготви и достави план за обезбедување до Министерството за внатрешни работи најдоцна 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар.“

Член 7

По членот 8 се додаваат два нови члена 8-а и 8-б, кои гласат:

„Член 8-а

Организаторот на спортскиот натпревар е должен да ги преземе и мерките утврдени во членот 10 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 8, 10,11 ,12, 13,15, 17 и 18 од овој закон.

Член 8-б

Гостинскиот спортски клуб кој учествува на спортски натпревар е должен да:
- ја извести надлежната национална спортска федерација за организираното доаѓање на неговите навивачи, најдоцна 72 часа пред почетокот на спортскиот натпревар,
- води евиденција за отстапени влезници од организаторот на спортскиот натпревар со податоци содржани во евиденцијата утврдена во членот 10 став 1 алинеја 16 од овој закон и
- преземе и други потребни мерки за клубот и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на спортскиот натпревар.

Личните податоци од ставот 1 алинеја 2 на овој член се чуваат три години од денот на внесувањето во евиденцијата.“

Член 8

Во членот 9 став 1 алинеја 1 сврзникот „и“ се заменува со запирка.

Во алинејата 2 зборовите: „или навивачи на гостински клубови“ се заменуваат со сврзникот „и“.

По алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- спортски натпревари на кои се очекува присуство на навивачи на гостински клубови.“

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Спортските натпревари со зголемен ризик ги одредуваат надлежните национални спортски федерации и за нивното одржување се должни најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар да го известат Министерството за внатрешни работи и спортските клубови кои се учесници на натпреварот.“

Член 9

Членот 10 се менува и гласи:

„ За спортските натпревари со зголемен ризик организаторот на спортскиот натпревар , покрај обврските од членот 7 од овој закон, е должен да:

- ги извести веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа пред почетокот на спортскиот натпревар надлежните органи, спортските организации, како и спортистите кои учествуваат во спортскиот натпревар,
- одреди одговорно лице кое ќе раководи со спроведувањето на мерките за спречување на насилното и недостојното однесување на гледачите и за соработка со Министерството за внатрешни работи,
- достави до Министерството за внатрешни работи план за превентивно дејствување и организација на спортскиот натпревар и план за евакуација во случај на итност,
- оствари соработка со преставниците на клубовите на навивачите заради давање помош при одржувањето на редот на спортскиот натпревар,
- оствари соработка со Министерството за внатрешни работи заради постапување по насоките кои се однесуваат на обезбедување на јавниот ред и мир на спортскиот натпревар,
- обезбеди пред спортскиот објект раздвојување и упатување на противничките групи навивачи кон посебните влезови,
- обезбеди одвојување на домашните и гостинските навивачи во гледалиштето,
- пушти во продажба влезници во зависност од капацитетот на спортскиот објект,
- обезбеди на денот на одржувањето на спортскиот натпревар продажбата на влезниците да се врши на посебни продажни места надвор од спортскиот објект,
- обезбеди техничка опрема за следење и снимање на однесувањето на гледачите,
- обезбеди просторија за укажување на итна медицинска помош,
- обезбеди простор за безбедно сместување на превозните средства на гостинскиот клуб,
- ги преземе сите потребни мерки за домашниот клуб и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно однесување на спортскиот натпревар,
- оствари координација со Министерството за внатрешни работи пред да ги пушти влезниците во продажба,
- обезбеди контролирана продажба на влезници со увид во документ за лична идентификација со можност едно лице да купи најмногу до пет влезници,
- води евиденција за продадени и отстапени влезници која особени содржи реден број, датум на продажба, име и презиме, назив на спортски клуб, адреса на живеење, односно престојување, трибина, блок, ред и седиште,
- не дозволи влез на навивачи од гостински спортски клуб за кои не бил претходно известен, согласно со членот 11 став 1 алинеја 1 од овој закон и
- дозволи влез на навивачи од гостински спортски клуб за кои бил претходно уредно известен согласно со членот 11 став 1 алинеја 1 од овој закон и да ги смести во делот на гледалиштето определен за гостински навивачи.

Кај спортските натпревари со зголемен ризик, за контрола на влез, преглед на гледачи, физичко обезбедување и внатрешно обезбедување на спортскиот објект, организаторот на спортскиот натпревар е должен да ги користи услугите на правните лица кои вршат приватно обезбедување.

Личните податоци од ставот 1 алинеја 16 на овој член се чуваат три години од денот на внесувањето во евиденцијата.“

Член 10

Членот 11 се менува и гласи:

„Гостинскиот спортски клуб кој учествува на спортски натпревар со зголемен ризик е должен да:

- го извести организаторот на спортскиот натпревар за организираното доаѓање на неговите навивачи, како и за сите елементи битни за клубот и неговите навивачи, најдоцна 72 часа пред почетокот на спортскиот натпревар,
- ја утврди маршрутата на движење на неговите навивачи за кои претходно го известил организаторот на спортскиот натпревар во координација со Министерството за внатрешни работи,
- одреди редари и одговорно лице од клубот кои ќе патуваат заедно со неговите навивачи за кои претходно го известил организаторот на спортскиот натпревар и го задолжи одговорното лице да го информира Министерството за внатрешни работи за текот на организираното патување и пристигнување на навивачите,
- води евиденција за отстапени влезници од организаторот на спортскиот натпревар со податоци содржани во евиденцијата утврдена во членот 10 став 1 алинеја 16 од овој закон и
- преземе и други потребни мерки за клубот и неговите навивачи да не бидат причина за предизвикување на насилство и недостојно да се однесуваат на спортскиот натпревар.

Личните податоци од ставот 1 алинеја 4 на овој член се чувааат три години од денот на внесувањето во евиденцијата.“

Член 11

По членот 11 се додава нов членот 11-а, кој гласи:

„Член 11-а

Министерот за внатрешни работи ја пропишува формата и начинот на водење на евиденцијата за лица на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари и на евиденцијата за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход.

Функционерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот ги пропишува формата и начинот на водење на евиденцијата што ја води организаторот на спортскиот натпревар за продадени и отстапени влезници и на евиденцијата што ја води гостинскиот навивачки клуб за отстапени влезници од организаторот на спортскиот натпревар.“

Член 12

Главата II-а „КАЗНЕНА ОДРЕДБА“ и членот 12-а се бришат.

Член 13

Во членот 13 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противврденост ќе му се изрече за прекршок на физичко лице доколку не постапи согласно со членот 13-в став 1 од овој закон.“

Член 14

По членот 13 се додаваат четири нови члена 13-а, 13-б, 13-в и 13-г, кои гласат:

„Член 13-а

За прекршоците утврдени во членот 13 ставови 1 и 2, а во врска со членот 3 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од овој закон надлежниот суд на физичкото лице може да му изрече и прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари во траење најмногу до три години.

Член 13-б

Надлежниот суд за правосилната одлука со која е изречена прекршочна санкција, забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари го известува подносителот на барањето за поведување на прекршочна постапка, како и националните спортски федерации.

Националните спортски федерации од ставот 1 на овој член се должни да го известат организаторот на спортскиот натпревар за лицата на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари, како и спортскиот клуб доколку тие лица се негови регистрирани навивачи.

Организаторот на спортскиот натпревар или договорниот дистрибутер за продажба на влезници ќе одбијат да продадат или отстапат влезница за одреден натпревар на лице на кое е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари.

Организаторот на спортскиот натпревар е должен да ги преземе сите мерки за оневозможување на пристап во спортскиот објект на лице за кое знае или е должен да знае дека му е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари.

Член 13- в

Лицето на кое му е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари, е должно најдоцна два часа пред почетокот на спортскиот натпревар да дојде и остане во надлежната полициска станица според местото на живеење или престојување за време на спортскиот натпревар и еден час по завршување на спортскиот натпревар.

Во случај кога лицето од ставот 1 на овој член поради здравствени причини, професионални обврски или други оправдани причини, кои не трпат одложување, не е во можност да дојде и остане во надлежната полициска станица, е должно да ја извести надлежната полициска станица според местото на живеење или престојување за адресата на која ќе се наоѓа во временскиот период од ставот 1 на овој член.

Министерството за внатрешни работи проверува дали лицето од ставот 1 на овој член се наоѓа на адресата од ставот 2 на овој член.

Во случај кога лицето нема да се јави во надлежната полициска станица, Министерството за внатрешни работи, во рамките на своите овластувања ќе ги преземе сите неопходни мерки и дејствија за негово пронаоѓање, со цел за извршување на изречената прекршочна санкција.

Член 13-г

За лицата на кои им е изречена прекршочна санкција забрана за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари Министерството за внатрешни работи води евиденција.

Во евиденцијата од ставот 1 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат особено следниве лични податоци: реден број, датум на евидентирање, име и презиме на

сторителот на прекршокот, датум и место на раѓање, живеалиште, односно престојувалиште, вид на прекршокот, број и датум на правосилна одлука со која е изречена прекршочната санкција, за кои спортски натпревари се однесува забраната, времетраење на забраната за влез и присуство на сите или на одредени спортски натпревари и припадност на навивачка група.

Личните податоци од ставот 2 на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата."

Член 15

Во членот 14 став 1 алинеја 2 зборовите: „и не обезбеди доволен број редари" се бришат.

Алинејата 3 се менува и гласи:

„- не обезбеди доволен број редари (член 5 став 1),".

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- не постапи согласно со членот 7 од овој закон,".

Во алинејата 4 која станува алинеја 5 сврзникот „и" се заменува со запирка.

Во алинејата 5 која станува алинеја 6 зборовите: „членот 10 на" се заменуваат со зборовите: „членот 10 од", а точката се заменува со сврзникот „и".

По алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- не постапи согласно со членот 13-б став 4 од овој закон."

Член 16

По членот 14-а се додава нов член 14-б, кој гласи:

„Член 14-б

Глоба во износ од 1.100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на надлежната национална спортска федерација доколку не постапи согласно со членот 9 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 1.100 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на националната спортска федерација доколку не го извести организаторот на спортскиот натпревар и спортскиот клуб за лицата на кои им е изречена прекршочната санкција (член 13 -б став 2).

Глоба во износ од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во националната спортска федерација за прекршоците од ставовите 1 и 2 на овој член."

Член 17

Членот 15 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на гостинскиот спортски клуб, ако во рок од 72 часа не ја извести надлежната национална спортска федерација и организаторот на спортскиот натпревар и не ги преземе потребните мерки согласно со членовите 8-б и 11 од овој закон.

Глоба во износ од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во спортскиот клуб за прекршокот од ставот 1 на овој член."

Член 18

Во членот 15-а став 1 по бројот „14-а" се додава бројот „14-б".

Ставот 4 се менува и гласи:

„Износот на изречената глоба во платниот налог од ставот 3 на овој член е минимумот од утврдениот износ на глоба за прекршоците утврдени во членовите 13, 14, 14-а, 14-б и 15 од овој закон.“

Во ставот 7 по зборот „суд“ запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Во ставот 9 по зборот „податоци“ се додаваат зборовите: „реден број, датум на евидентирање“, а по зборот „број“ се додаваат зборовите: „и датум“.

Член 19

Членот 15-б се менува и гласи:

„За сите прекршоци предвидени со овој закон прекршочната постапка ја води надлежен суд.“

Член 20

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари.

Член 22

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.